807. Напатствие за надоknадата (регресот) на разликите во цената на огревот за потребите на населението („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 36/52);

808. Решение за ставање вон сила прописите за рабатите за лековите и санитетскиот материјал („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 36/52);

809. Решение за висината на каматните стопи по краткорочните кредити на извозните и увозните претпријатија и претпријатијата во ликвидација („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 36/52);

810. Решение за оснивање Иницијативен одбор за формирање на Сојузната трговска комора („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 36/52);

811. Напатствие за надоknадата (регресот) за разликите во цените на лековите („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 36/52);

812. Решение за издвојување претпријатија од состав на Главната дирекција на југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 37/52);

813. Решение за замена на откупните бонови добиени со продажба на слободни девизи и валути за индустриски бонови („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 37/52);

814. Решение за реорганизација на сојузната администрација во стопанството („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 37/52);

815. Уредба за укинување Уредбата за оснивање Заштитен дом на осудениците-родилки („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 38/52);

816. Уредба за пренесување надлежноста на сојузните органи во однос на Високата сообраќајна школа на органите на НР Србија („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 39/52);

817. Решение за висината на каматните стопи по краткорочните кредити на претпријатијата кои покрај основната дејност се занимаваат и со работи на извоз и увоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 39/52);

818. Наредба за измена на договорите за испорачка на огрев (дрво и јаглен) за широка потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

819. Решение за исплата на дел од принадлежностите на уживателите на лични и фамилијарни пензии и инвалиднини во бонови за купување индустриски стоки со попуст 80% („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

820. Напатствие за надокнада на разликите во цената на брашното, лебот, маста, зејтинот за јадење и шеќерот настанати поради намалувањето на цените („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

821. Напатствие за надокнада на разликите во цената на тутунот и тутунските преработки настанати поради намалувањето на цените („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

822. Решение за укинување на обезбеденото снабдување со огрев („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

823. Решение за давање еднократна надокнада за неискористените потрошувачки карти за огрев („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52 и 44/52);

824. Решение за надокнада (регрес) 75% од износот на трошковите за превоз на запасите на огрев во државните претпријатија за трговија со огрев („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/52);

825. Наредба за одобрување кредити за купување огрев („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 42/52);

826. Наредба за нарачување и поставање шлепови за утовар и истовар во речниот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 42/52);

827. Наредба за определување количините за поодделни производи наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/52);

828. Наредба за поднесување извештај за состојбата на готовината кај стопанските и другите организации и установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 47/52);

829. Наредба за наголемување количината на хромовата руда наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 48/52);

830. Решение за ставање вон сила Решението за надокнада (регрес) на разликите во цената на шеќерот на претпријатијата на прехранбената индустрија („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/52);

831. Решение за ставање вон сила Решението за продавање девизни средства на приватните лица („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/52);

832. Наредба за начинот за плаќање репарациони иреституциони стоки од инвестиционен карактер, како и транспортните и другите трошкови што се однесуваат до овие стоки, во текот на 1952 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/52);

833. Наредба за наголемување количината на суров цинк, цинк во прав и рафиниран цинк наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 50/52);

834. Наредба за наголемување количините на хромовата руда и глиница наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 50/52);

835. Наредба за пресметувањето на доходот на трговските претпријатија во периодот јули-октомври 1952 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 51/52);

836. Наредба за попис на добитокот на територијата на Федеративна Народна Република Југославија („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 51/52);

837. Уредба за продолжување сроковите за ревизија на решенијата за преведење на службениците на нови звања и плати („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/52);

838. Наредба за наголемување количината на огревно дрво наменото за извоз („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/52);

839. Наредба за определување количините на семето наменето за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 52/52);

840. Решение за пренесување надлежноста на сојузните органи во однос на Државниот институт за фискултура во Белград на органите на НР Србија („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 52/52);

841. Решение за продолжување роковите за ревизија на решенијата за преведење на службениците на нови звања и плати („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 53/52);

842. Напатствие за примена на Решението за распоред на средствата од укинатите фондови на државните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 53/52);

843. Наредба за определување количината на пченична слама наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 54/52);

844. Наредба за наголемување количините на хромова руда, ферохром и калцијум карбид наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 54/52);

845. Напатствие за изменувања и дополнувања на Напатствието за применување на Решението за повластените продавни цени на индустриските производи наменети за потребите на селско-стопанското производство и на рибарството („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 55/52);

846. Уредба за укинување на индустриските бонови („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 56/52 и 58/52);

847. Наредба за наголемување количините на фероманган и силикоманган, како и на цинковиот концентрат, наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 56/52);

848. Решение за изменување висината на каматните стопи („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 57/52);

849. Уредба за укинување на Главната дирекција на поморско-техничките претпријатија („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 58/52);

850. Уредба за укинување на Решението од Националниот комитет за ослободување на Југославија за издавање времена парична помош на неосигурените фамилии на борците од НОВ и ПОЈ, инвалидите од Народноослободителната војна и нивните фамилии, како и на фамилиите на жртвите од фашистичкиот терор од 19 декември 1944 година („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 58/52);

851. Решение за укинување Одборот за кинематографија („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 58/52);

852. Решение за продолжување срокот за ревизија на решенијата за преведење на службениците од Народната банка на ФНРЈ на нови звања и плати („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 58/52);

853. Наредба за мелење на пченицата и ’ржта („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 60/52);

854. Наредба за наголемување количината на пченична слама наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 61/52);

855. Наредба за наголемување количината на калциум карбид наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 61/52);

856. Решение за ставање вон сила Решението за определување одделна такса за сместување во угостителските дуќани („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 63/52)

Член 2

Односите што се засновани врз прописите цитирани во чл. 1 од оваа уредба а кои не се конечно расправени додека биле тие прописи во сила ќе се расправат по тие прописи, доколку со подоцнежни прописи не е изрично определено дека тие ќе се применуваат и на порано засновамите односи.

Одредбите на подоцнежните прописи со кои се пропишува организацијата на државните органи или постапката ќе се применуваат и на односите од претходниот став, доколку со тие одредби не е определено поинаку.

Член 3

Објасненија за примена на оваа уредба на државните органи и установи ќе им дава Секретаријатот за законодавство и организација на Сојузниот извршен совет.

На Секретаријатот за законодавство и организација му се става во должност на згоден начин (со издавање регистар на сојузните прописи или на друг начин) да обезбеди сите државни органи и установи да бидат запознаени со тоа кои сојузни прописи донесени до денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанале да важат во целост, а кои од нив остануваат во сила.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ”.

**Сојузно извршно веќе**

Р. п. бр. 223
21 септември 1953 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

---

**354.**

Врз основа на чл. 79 ст. 1 точ. 1 од Уставниот закон Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА ШОШТАЊ ДА РАСПИШЕ МЕСТЕН ВНАТРЕШЕН ЗАЕМ

1. — На Народниот одбор на Градската општина Шоштањ му се одобрува да распише местен внатрешен заем во износ од 11,600.000 динари за финансирање изградбата на нова основна школа и гимназија во Шоштањ.

2. — Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ”.

Р. п. бр. 255
13 октомври 1953 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот,
**Мома Марковиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Едвард Кардељ**, с. р.

---

**355.**

Врз основа на чл. 14 ст. 2 од Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот и за доделување земја на селско-стопанските организации, пропишувам

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СЕЛСКО-СТОПАНСКИОТ ЗЕМЈИШЕН ФОНД НА ОПШТОНАРОДНИОТ ИМОТ

Член 1

На водење евиденција во смисла на овој правилник подлежуваат:

а) сите селско-стопански земјишта кои на денот не влегувањето во сила на Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот и за доделување земја на селско-стопанските организации (во натамошниот текст: на Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот) веќе биле општонароден имот;

б) сите селско-стопански земјишта што станале општонароден имот врз основа на Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот;

в) сите селско-стопански земјишта кои по кој и да е друг основ ќе станат општонароден имот.

Евиденцијата во смисла на овој правилник ги опфаќа, покрај земјиштата означени во претходниот став, и сите згради, постројки и други објекти

што се наоѓаат на тие земјишта а му припаѓаат на општонародниот имот.

Член 2

Евиденцијата за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот ја води народниот одбор на околијата (градот) за сите земјишта што му припаѓаат на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот, а се наоѓаат на подрачјето на околијата (градот).

Член 3

За водење на евиденцијата за земјиштата што му припаѓаат на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот служат:

а) регистар на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот (регистар);

б) именик на корисниците;

в) збирка на исправите.

Член 4

Земјиштата се запишуваат во регистарот спрема катастарските парцели и тоа по оној ред како се запишани во катастарот. Секоја катастарска парцела добива свој реден број во регистарот.

Во краиштата каде што катастарот уште не постои земјиштата ќе се запишат спрема називот на потесот во кој се наоѓаат како и спрема нивниот граничен опис.

Член 5

Регистарот се води во форма на коричена книга, чијшто страни се пагинирани.

Регистарот мора да биде заведен со печат и со потпис од секретарот на народниот одбор на околијата (градот).

Регистарот се води спрема образецот бр. 1 кој е составен дел од овој правилник.

Член 6

Сите запишувања во регистерот се вршат со мастило.

Исправките на погрешно извршено запишување се вршат на тој начин што погрешно запишаните зборови се прецртуваат со црвено мастило, а новото запишување ќе се напише над поранешното запишување.

Член 7

Во именикот на корисниците се запишуваат имињата на корисниците на земјиштата што му припаѓаат на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот и тоа спрема азбучниот ред на нивното име.

Именикот на корисниците се води спрема образецот бр. 2, кој е составен дел од овој правилник.

Член 8

Во збирката на исправите се вложуваат и во неа се чуваат сите исправи (документи) врз основа на кои се извршени запишувањата во регистерот (на пр.: разни изводи од катастарот, акти на судот и на други органи врз основа на кои земјиштето станало општонароден имот, акти по кои корисниците се здобиле со правото за користење и др.), како и други исправи што се од значење за евиденцијата и за правилно управување со земјиштето што му припаѓа на општонародниот имот.

Член 9

Регистарот, именикот на корисниците како и збирката на исправите ги води и чува за тоа определен службеник на народниот одбор на околијата (градот).

Член 10

Заради организирање на евиденцијата во смисла на овој правилник народниот одбор на околијата (градот) ќе формира за тоа одделна комисија (комисија за организација на евиденцијата).

Основната задача на комисијата е да ги прибере сите потребни податоци и докази и врз основа на истите да изврши запишување на сите земјишта во регистарот, да направи список на корисниците и да ја уреди збирката на исправите.

Комисијата се состои од најмалку три члена, од кои еден мора да биде одборник на народниот одбор на околијата (градот) и тој е претседател на комисијата, а еден член мора да биде дипломиран правник или друго стручно лице (геометар и сл.).

Член 11

Државниот секретаријат за работи на стопанството на народната република им дава упатства и укажува стручна помош на комисиите од претходниот член и на службениците определени за водење на евиденцијата (член 9).

Член 12

Сите правни и физички лица (државните селско-стопански добра, стопанските и задружните организации, државните установи и надлештва, поодделни граѓани и др.) што користат некое селско-стопанско земјиште што му припаѓа на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот — должни се во поглед на тоа земјиште да поднесат пријава до народниот одбор на околијата (градот) на чие што подрачје се наоѓа земјиштето.

Пријавата треба да ги содржи сите оние податоци што се потребни врз основа на нив за да можат да се пополнат рубриките во регистарот и именикот на корисниците (образец бр. 1 и 2).

Пријавите во смисла на претходниот став треба да се поднесат најдоцна во срок од 60 дена од денот на објавувањето на овој правилник.

Околиските комисии за селско-стопанскиот земјишен фонд должни се, во срокот предвиден во претходниот став да и' испратат на надлежната комисија за организација на евиденцијата (член 10) препис од сите правосилни решенија врз основа на кои е извршено пренесувањето на земјиштата во општонародниот имот по одредбите од Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот.

Решенијата кои на денот на влегувањето во сила на овај правилник не се уште правосилни ќе се испратат најдоцна во срок од 15 дена од денот на нивната правосилност.

Член 13

Сите правни и физички лица што користат земјишта што му припаѓаат на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот, како и државните органи што донесуваат акт (пресуди, решенија и сл.) со кои се менува состојбата што постои — должни се да го известат надлежниот народен одбор на околијата (градот) за сите измени на податоците од колоните 2—12 на образецот бр. 1.

Извештајот за измените ќе се поднесе во срок од 15 дена од денот кога станала измената.

Член 14

Евиденцијата во смисла на овој правилник ќе се организира кај сите околии (градови) без обзир дали во некои народни републики е веќе воведена општа евиденција на општонародниот неподвижен имот.

Член 15

Ако во текот на работата на организирање на евиденцијата или подоцна се дојде на случај на незаконито користење земјишта што му припаѓаат на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот, за тоа веднаш треба да се извести народниот одбор на околијата (градот) заради преприемање потребни мерки со цел да се заштити односниот имот.

Член 16

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице на селско-стопанското добро, на задружна и друга стопанска организација, државно надлештво и установа;

Образец број 1
Страна 1

# РЕГИСТАР
## НА СЕЛСКОСТОПАНСКИОТ ЗЕМЈИШЕН ФОНД НА ОПШТОНАРОДНИОТ ИМОТ

Општина ..........
Катастарска општина ..........

| Ред. бр. | Катастарски податоци | | | | | | Број на з.к. уложок | Основ на здобивањето и бр. на решението | Згради и други објекти (опис и намена) | Име на корисникот и неговото седиште | Основ на користењето | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на парцелата | Број на сопственичкиот лист | Вид на културата | Класа | Површина | Катастарски приход | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

ЗАБЕЛЕШКА КОН ОБРАЗЕЦОТ 1:

1) Во колоната 1 — се запишува редниот број на запишувањето за секоја кат. парцела. Запишувањето на кат. парцели се врши по катастар. општини во рамките на иста административна општина.

2) Во колоната 2 — 7 — се запишуваат сите соодветни податоци спрема состојбата во катастарот.

3) Во колоната 8 — се запишува бројот на з. к. уложок.

4) Во колоната 9 — се запишува правниот основ по кој земјиштето станало општонароден имот, кој донесол за тоа решение, број и датум на решението, на пр.: конфискација, пресуда на окружниот суд во ... бр. ... од ... За земјиштата што биле државна сопственост пред 6 април 1941 година доволно е да се назначи „бив. држ. имот".

5) Во колоната 10 — се запишува описот на зградата, постројката и другите објекти што се општонароден имот а се наоѓаат на односното земјиште, као и нивната цел. (На пр.: од каков се материјал, дали се приземни, еднокатни итн, дали служат за магацин, живеење и сл., како и која година се направени). Ако има повеќе објекти со исти податоци тие можат собирно да се искажат — запишат. На пр. пет еднокатни згради од камен — покривени со керамиди — служат за магацин — направени 1948 год.

6) Во колоната 11 — се запишува името на корисникот и негово седиште (адреса), на пр. селанска работна задруга ... од Бечеј.

7) Во колоната 12 — се запишува основот по кој некој користи некое земјиште. Ако постои решение, треба да се означи неговиот број и датум (на пр. закуп или бесплатно користење или узурпација и сл. — решение на народниот одбор на општината ... бр. ...).

8) Во колоната 13 — се запишуваат другите податоци што се од интерес за евиденција на дотичното земјиште.

Форматот на регистарот како и ширината на поодделни колони во него треба да бидат така направени просторот да биде што подобро искористен. Треба да се настојува колоните 10, 11 и 12 кои инаку најповеќе ќе се менуваат да бидат што пошироки, како би можеле да се запишат сите измени.

Образец број 2
Страна 1

## ИМЕНИК НА КОРИСНИЦИТЕ

| Реден број | Име и седиште на корисникот | Катастарски податоци | | | | | Страна и реден број на регистарот | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Катастар. општина | Број на парцелата | Вид на културата | Класа | Површина | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |

ЗАБЕЛЕШКА КОН ОБРАЗЕЦОТ 2

1) Во колоната 1 — се запишува редниот број за секој корисник на земјиштето. За секоја нова почетна буква редните броеви почнуваат одново т. е. со 1 и натаму.

2) Во колоната 2 — се запишуваат по азбучен ред името (фирмата) на секој корисник на земјиштето, како и ознака на неговото седиште (адреса).

3) Во колоната 3 — 7 — се запишуваат соодветните податоци спрема состојбата на катастарот.

4) Во колоната 8 — се запишува бројот на страната и редниот број на регистарот за сите оние парцели (земјишта) што ги користи еден корисник.

5) Во колоната 9 — се запишуваат другите податоци и сите измени што се однесуваат до користењето на земјиштето од страна на дотичниот корисник.

— ако пријавата предвидена во чл. 12 односно извештајот за станатата измена предвидена во чл. 13 од овој правилник не ја поднесе во определениот срок или ако во истите наведе неточни податоци.

Со иста казна ќе се казни за прекршокот од претходниот став и поодделно физичко лице, што го користи селско-стопанското земјиште што му припаѓа на селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот.

Член 17

Работата на организирањето на евиденцијата во смисла на овој правилник народниот одбор на околијата (градот) должен е да ја заврши најдоцна во срок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 9841
8 октомври 1953 година
Белград

Државен секретар
за работи на народното стопанство,
**Душан Чалиќ**, с. р.

356.

Врз основа на чл. 13 точ. д) од Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија а по исполнување на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон, Државниот секретаријат за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ХЕМИЧАРИТЕ-ТЕХНОЛОЗИ НА ФНРЈ

Се одобрува според поднесениот статут оснивањето и работата на Сојузот на хемичарите-технолози на ФНРЈ со седиште во Белград а со дејност на територијата на Федеративна Народна Република Југославија

II/ 3 бр. 14540/1
14 октомври 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

357.

Врз основа на чл. 13 точ. д) од Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија а по исполнување на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон, Државниот секретаријат за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА МУЗИЧКИТЕ ФОЛКЛОРИСТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се одобрува според поднесените правила оснивањето и работата на Здружението на музичките фолклористи на Југославија, со седиште во Белград, а со дејност на територијата на Федеративна Народна Република Југославија.

II/3 бр. 8162/2
1 септември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

358.

Врз основа на чл. 11 и 16 од Законот за печатот донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА ДА СЕ ВНЕСУВА И РАСТУРА НЕДЕЛНОТО СПИСАНИЕ »TIME«

Се забранува внесувањето во Федеративна Народна Република Југославија и растурањето во земјата на неделното списание »Time« од 14 септември и 5 октомври 1953 година што излегува во САД, бидејќи содржи ширење на невистинити вести што ги загрозуваат државните и народните интереси.

II/3 бр. 17406
10 октомври 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

359.

Врз основа на чл. 45 и 46 ст. 1 од Законот за правата и должностите, избирањето и отповикот на сојузните народни пратеници, Сојузната изборна комисија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОКОЛИСКИ ИЗБОРНИ КОМИСИИ ЗА ИЗБОРИТЕ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА

Во Околиската изборна комисија за изборната околија Сењ, Раб и Крк, на упразнетото место секретар на комисијата се назначува Ажиќ Милан, секретар на Народниот одбор на околијата Сењ.

Бр. 55
15 октомври 1953 година
Белград

**Сојузна изборна комисија**

Секретар, **др Дражен Сесардиќ**, с. р.
Претседател, **Михаило Ѓорѓевиќ**, с. р.

360.

Во врска со исправката на Одлуката на Сојузниот извршен совет за утврдување подрачјата на изборните околии за изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина, што ќе се одржат во времето од 22 до 28 ноември 1953 година, од 17 октомври 1953 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/53), Сојузната изборна комисија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОКОЛИСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ ЗА ИЗБИРАЊЕ НАРОДНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА СОЈУЗНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА

Во Решението за определување околиските изборни комисии за избирање народни пратеници за Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина („Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/53), во одделот под В. „Групата на селското стопанство точ. 2 се менува и гласи:

„2) За Изборната околија Ниш:
Околиската изборна комисија за изборната околија град Ниш со седиште во Ниш."

Бр. 64
17 октомври 1953 година
Белград

**Сојузна изборна комисија**

Секретар, **др Дражен Сесардиќ**, с. р.
Претседател, **Михаило Ѓорѓевиќ**, с. р.

**361.**

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за југословенските стандарди, сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 17/51) Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СТАНДАРДИ ЗА РАЗВРТУВАЧИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Развртувачи — дефиниции и ознаки на поимите | JUS K.D 3.100 |
| Рачни развртувачи со валчеста рачка и со четвртка | JUS K.D 3.121 |
| Машински развртувачи со валчеста рачка и четвртка | JUS K.D 3.130 |
| Машински развртувачи со валчеста рачка | JUS K.D 3.131 |
| Машински развртувачи со Морзе конична рачка | JUS K.D 3.132 |
| Рачни развртувачи со зарез за регулирање и вoѓица | JUS K.D 3.140 |
| Машински развртувачи со прицврстени ножеви и валчеста рачка со четвртка | JUS K.D 3.150 |
| Машински развртувачи со прицврстени ножеви и Морзе конична рачка | JUS K.D 3.151 |
| Машински развртувачи со поместливи ножеви и валчеста рачка со четвртка | JUS K.D 3.160 |
| Челни машински развртувачи со поместливи ножеви и со валчеста рачка со четвртка | JUS K.D 3.161 |
| Машински развртувачи со поместливи ножеви и со Морзе конична рачка | JUS K.D 3.162 |
| Челни машински развртувачи со поместливи ножеви и со Морзе конична рачка | JUS K.D 3.163 |
| Машински насадни развртувачи | JUS K.D 3.170 |
| Машински челни насадни развртувачи со поместливи ножеви | JUS K.D 3.171 |
| Машински насадни развртувачи со прицврстени ножеви | JUS K.D 3.172 |
| Конични развртувачи за конични чивии по JUS M.C 2.205 | JUS K.D 3.180 |

Наведените југословенски стандарди објавени се во одделно издание на Сојузната комисија за стандардизација, што е составен дел од ова решение.

2. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 март 1954 година.

Бр. 1421
12 октомври 1953 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

Сојузниот извршен совет, по извршеното сравнување на текстот на Одлуката за утврдување подрачјата на изборните околии за изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина што ќе се одржат во времето од 22 до 28 ноември 1953 година, објавен во „Службениот лист на ФНРЈ“ бр. 36 од 13 септември 1953 година, со изворниот текст, установил дека во објавениот текст се поткрала, покрај грешките на кои се однесува исправката од 17 септември 1953 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 38/53), и долу цитираната грешка, и дава следна

## ИСПРАВКА
### НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОДРАЧЈАТА НА ИЗБОРНИТЕ ОКОЛИИ ЗА ИЗБОРИТЕ ЗА НАРОДНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА СОЈУЗНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ВО ВРЕМЕТО ОД 22 ДО 28 НОЕМВРИ 1953 ГОДИНА

Во точ. 2 на Одделот Б. „Групата на селското стопанство“, првиот ред, место називот на изборната околија „Сврљиг“ треба да стои називот „Ниш“, а во последниот ред на истата точка место „Сврљиг“, како седиште на околиската изборна комисија, треба да стои „Ниш“.

Бр. 13126. — Од Сојузниот извршен совет, Белград, 17 октомври 1953 година.

# УКАЗИ

Врз основа на чл. 71 точ. 4 од Уставниот закон, Претседателот на Републиката, по предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕТО ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО ХОНДУРАС И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР ВО ХОНДУРАС

I

Се отповикува:

Карло Мразовиќ, од должноста вонреден пратеник и ополномошен министер на Федеративна Народна Република Југославија во Хондурас.

II

Се назначува:

Љубо Илиќ, досегашен вонреден пратеник и ополномошен министер на ФНРЈ во Норвешка за вонреден и ополномошен министер на ФНРЈ во Хондурас.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 34
26 септември 1953 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Врз основа на чл. 71 точ. 4 од Уставниот закон, Претседателот на Републиката, по предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО КОСТАРИКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО КОСТАРИКА

I

Се отповикува:

Карло Мразовиќ, од должноста вонреден пратеник и ополномошен министер на Федеративна Народна Република Југославија во Костарика.

II

Се назначува:

Љубо Илиќ, досегашен вонреден пратеник и ополномошен министер на ФНРЈ во Норвешка, за вонреден пратеник и ополномошен министер на ФНРЈ во Костарика.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 35
26 септември 1953 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

---

Врз основа на чл. 71 точ. 4 од Уставниот закон, Претседателот на Републиката, по предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО КУБА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО КУБА

I

Се отповикува:

Карло Мразовиќ, од должнсота вонреден пратеник и ополномошен министер на Федеративна Народна Република Југославија во Куба.

II

Се назначува:

Љубо Илиќ, досегашен вонреден пратеник и ополномошен министер на ФНРЈ во Норвешка, за вонреден пратеник и ополномошен министер на ФНРЈ во Куба.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 36
26 септември 1953 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

## СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 31 од 14 септември 1953 година објавува:

**Закон** за измена на чл. 34 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и за органите на власта на НР Србија;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за народните одбори на околиите;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за народните одбори на градовите и градските општини;

**Закон** за правата и должностите, избирањето и отповикот на народните пратеници на Народната скупштина на НР Србија;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за избирањето и отповикот на одборниците на народните одбори;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за заштита на земјиштето на подрачјето на Грделичката клисура и Врањската котлина од смивање и одронување;

**Одлука** за распишување општи избори за одборници на Соборот на производителите на народните одбори на околиите и градовите.

Во бројот 32 од 19 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за распуштање на Народната скупштина на НР Србија од второто свикување;

**Одлука** за распишување општи избори за народни пратеници на Народната скупштина на НР Србија (Републички собор и Собор на производителите);

**Одлука** за утврдување вкупниот број на народни пратеници за Народната скупштина на НР Србија;

**Одлука** за утврдување изборни околии за избирање народни пратеници за Народната скупштина на НР Србија (Републички собор и Собор на производителите);

**Одлука** за именување Републичка изборна комисија за спроведување избори за народни пратеници на Народната скупштина на НР Србија и Републичка изборна комисија за спроведување избори за одборници на народните одбори;

**Уредба** за измени и дополненија на Уредбата за надлежноста за донесување решенија за службеничките односи на службениците во просветните, воспитните и културните установи;

**Уредба** за отворање нови гимназии;

**Уредба** за постапно укинување на учителската школа во Уб, Пожаревац и Крушевац и регулирање уписот на учениците во учителските школи во Пирот, Врање и Нови Пазар;

**Уредба** за задолжително одбирање (лиценцирање) приплодни грла за јавен приплод.

Во бројот 33 од 23 септември 1953 година објавува:

**Решение** за именување Покраинска и Обласна изборна комисија за спроведување избори за народни пратеници на Народната скупштина на НР Србија;

**Решение** за именување околиски изборни комисии за спроведување избори за народни пратеници за Републичкиот собор на Народната скупштина на НР Србија од Третото свикување;

**Решение** за именување околиски и градски изборни комисии за раководење на изборите за одборници на народните одбори;

**Решение** за одредување околиски изборни комисии што ќе ги спроведуваат изборите за народни

пратеници за Соборот на производителите на Народната скупштина на НР Србија.

Во бројот 34 од 26 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за утврдување обрасците во постапката на изборите за одборници на народните одбори;

**Решение** за назначување државен потсекретар во Државниот секретаријат за работи на стопанството на НР Србија;

**Упатство** за измени на Упатството за извршување Уредбата за издавање градежни, градежно-занаетчиски и монтажни работи и набавка на спрема преку јавно наддавање.

Во бројот 35 од 29 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за пренесување средствата на фондовите на трговијата и нивната употреба за основната инвестициона изградба;

**Исправка** на Законот за измена на чл. 34 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и за органите на власта на НР Србија;

**Исправка** на Указот за прогласување на Законот за правата и должностите, избирањето и отповикот на народните пратеници на Народната скупштина на НР Србија;

**Исправка** на Законот за правата и должностите, изборот и отповикот на народните пратеници на Народната скупштина на НР Србија;

**Исправка** на Одлуката за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за народните одбори на градовите и градските општини.

## НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службени лист Народне Републике Хрватске во бројот 40 од 18 септември 1953 година објавуваат:

**Одлука** за измени на стопите на акумулацијата и општествените фондови;

**Ценовник** за надокнада на шумските штети.

Во бројот 41 од 21 септември 1953 година објавуваат:

**Одлука** за прогласување на Законот за измена на чл. 34 и 35 од Уставниот закон на НР Хрватска за основите на општественото и политичкото устројство и за репубичките органи на власта;

**Указ** за прогласување на Законот за правата и должностите, изборот и отповикот на народните пратеници за Саборот на НР Хрватска:

**Решение** за измена на Решението за определување највисоките цени за услугите во здравствените установи на подрачјето на НР Хрватска;

**Исправка** на Упатството за применување на Уредбата за преведење паричната помош што ја примаат жртвите на фашистичкиот терор.

Во бројот 42 од 22 септември 1953 година објавуваат:

**Одлука** за распишување избори за Републичкиот собор и Соборот на производителите на Саборот на НР Хрватска;

**Одлука** за утврдување бројот на народните пратеници што за Републичкиот собор и Соборот на производителите на Саборот на НР Хрватска се избираат на изборите што ќе се одржат од 22 до 28 ноември 1953 година;

**Одлука** за поделба на подрачјето на НР Хрватска на изборни околии за избори на народни пратеници за Републичкиот собор на Саборот на НР Хрватска, што ќе се одржат во недела 22 ноември 1953 година;

**Одлука** за утврдување подрачјата на изборните околии за изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Саборот на НР Хрватска, што ќе се одржат во времето од 22 до 28 ноември 1953 година;

**Одлука** за именување Републичка изборна комисија за спроведување на изборите за народни пратеници за Саборот на НР Хрватска;

**Решение** за именување околиски изборни комисии за избирање народни пратеници за Републичкиот собор на Саборот на НР Хрватска;

**Решение** за определување околиски изборни комисии надлежни за спроведување на изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Саборот на НР Хрватска;

**Наредба** за количините вино и ракија што можат производителите да ги потрошат во своето домаќинство без плаќање данок на промет.

Во бројот 43 од 26 септември 1953 година објавуваат:

**Указ** за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за поделба на НР Хрватска на околии, градови и општини;

**Указ** за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за народните одбори на околиите;

**Указ** за прогласување на Законот за народните одбори на градовите и градските општини;

**Указ** за прогласување на шумата Рисњак за национален парк;

**Указ** за прогласување на Законот за заштита на полските добра.

## УРАДНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СЛОВЕНИЈЕ

„Урадни лист Народне Републике Словеније" во бројот 30 од 12 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за свикување Народната скупштина на НР Словенија.

Во бројот 31 од 18 септември 1953 година објавува:

**Закон** за измена на Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и за органите на власта на НР Словенија;

**Закон** за правата и должностите, избирањето и отповикот на народните пратеници на Народната скупштина на НР Словенија;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за околиските народни одбори;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за народните одбори на градовите и градските општини;

**Закон** за измена на Законот за поделба на НР Словенија на градови, околии и општини;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за избирањето и отповикот на одборниците на народните одбори;

**Одлука** за распишување избори за народни пратеници за Народната скупштина на НР Словенија;

**Одлука** за распишување избори за соборите на производителите на околиските и градските народни одбори;

**Решение** за изменување Републичката изборна комисија за изборите за народни пратеници за Народната скупштина на НР Словенија;

**Решение** за именување Републичка изборна комисија за изборите за одборници на народните одбори во НР Словенија;

**Исправка** на Одлуката за измена на Правилникот за извршување на Законот за станбените и работните простории.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 17 од 12 септември 1953 година објавува:

**Решение** за намалување цената на електрична енергија што се троши во домаќинства и за определување продавната цена на електрична енергија по тарифата со основна уплата што се троши во домаќинствата и висината на износот на основната уплата;

**Решение** за дополнение на Решението за определување индустриски и стопански центри и реони во кои може Народната банка на ФНРЈ да одобрува долгорочни кредити за довршување на индивидуални станбени згради;

**Наредба** за определување незаштитена дивина што можат да ја затираат сопствениците, наемателите и уживателите на земјиишта;

**Наредба** за определување заштитена дивина;

**Наредба** за дополнение на Наредбата за определување туристички места во кои ќе им се дава попуст на лицата на годишен одмор.

**Упатство** за извршување на Уредбата за матичните овошни стебла.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 29 од 19 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за прогласување на Законот за имени на Уставниот закон за општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија;

**Указ** за прогласување на Законот за правата и должностите, изборот и отповикувањето на народните пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија;

**Указ** за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за народните одбори на општините;

**Указ** за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за народните одбори на градовите и градските општини;

**Указ** за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за народните одбори на околиите;

**Одлука** за распуштање на Народното собрание на Народна Република Македонија (од второто свикување);

**Одлука** за распишување општи избори за избор одборници на соборите на производителите на народните одбори на околиите и на Народниот одбор на град Скопје;

**Одлука** за потврдување уредбите донесени во времето од 29 јануари до 15 септември 1953 година.

Во бројот 30 од 21 септември 1953 година објавува:

**Одлука** за избирање и разрешување судии на Врховниот суд на Народна Република Македонија;

**Одлука** за разрешување член на Извршниот совет на Народното собрание на Народна Република Македонија;

**Одлука** за распишување избори за народни пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија;

**Одлука** за одредување вкупниот број на народните пратеници на Републичкиот собор и Соборот на производителите на Народното собрание на Народна Република Македонија и за утврдување бројот на народните пратеници на Соборот на производителите што се избира во секоја производителна група;

**Одлука** за поделбата на територијата на Народна Република Македонија на изборни околии за избор народни пратеници на Републичкиот собор на изборите распишани за 22 ноември 1953 година;

**Одлука** за поделбата на територијата на Народна Република Македонија на изборни околии за избор народни пратеници на Соборот на производителите на Народното собрание на изборите што ќе се одржат во времето од 23 до 28 ноември 1953 година.

# СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 352. | Одлука на Народната скупштина на ФНРЈ за распуштањето | 493 |
| 353. | Уредба за утврдување прописите на сојузните органи на управата што престанале да важат | 493 |
| 354. | Одлука за одобрување на Народниот одбор на градската општина Шоштањ да распише месген внатрешен заем | 513 |
| 355. | Правилник за водење евиденција за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот | 513 |
| 356. | Решение за одобрување основањето и работата на Сојузот на хемичарите-технолози на ФНРЈ | 516 |
| 357. | Решение за одобрување основањето и работата на Здружението на музичките фолклористи на Југославија | 516 |
| 358. | Решение за забрана да се внесува и растура неделното списание „TIME" | 516 |
| 359. | Решение за измена на Решението за именување околиски изборни комисии за изборите на пратеници за Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина | 516 |
| 360. | Решение за измена на Решението за определување околиските изборни комисии за избирање народни пратеници за Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина | 516 |
| 361. | Решение за донесување Југословенски стандарди за развртувачи | 517 |
| | Исправка на Одлуката за утврдување подрачјата на изборните околии за изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина што ќе се одржат во времето од 22 до 28 ноември 1953 година | 517 |


**Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачка установа — Белград, Улица Краљевића Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевића Марка бр. 9. Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград**